| Предмет: Ликовно | | |
|---|---|---|
| Тема: ПЛАСТИЧНО ОБЛИКУВАЊЕ | Вкупно часови: 7 | Време за реализација 11 / 3 / 5 |
| Изготвиле: Билјана Чурлевска Маневска | | Изготвиле: Билјана Чурлевска Маневска |
| Адаптирале: | | Адаптирале: |

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови | активности | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Основни материјали/средства за пластично обликување (глина, пластелин, тесто, природни и вештачки материјали). | ▪ Препознава и разликува материјали за моделирање. | 1 | ▪ Учениците прават смеса од различен материјал (мек, тврд) и според дадените инструкции учениците истражуваат (го притискаат, влечат, тркалаат). Од тестото и/или од останатите материјали креираат соодветни форми во различна големина според намената. На пример, роденденска торта и колачи, накит, украси.<br><br>▪ Учениците од песок, земја, вода или снег моделираат различни форми (замок, куќа, ликови од приказни, Снешко, превозни средства, животни и сл.) со кофички и пластични алатки. | ▪ Средства за пластично обликување (пластелин, тесто, глина, песок, снег, стиропор, пластика и др.).<br><br>▪ Творечки неликовни материјали (чешел, четки за заби, шминки, лак за нокти, свеќа, сапун, чадор, шапка, камен, газа, ЦД, соковник, зеленчукови и овошни плодови, текстил и др.) | ▪ усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>• практичната активност за време на часот (учество во активностите);<br>• изработените ликовни творби (цртање, сликање, печатење, пластично обликување);<br>• учеството во изработка на заеднички творби |
| | ▪ Идентификува природни и вештачки материјали кои можат да се користат за обликување.<br><br>▪ Користи различни природни и вештачки материјали во обликувањето. | 1<br><br>1 | ▪ Учениците длабат, гребат, рендаат свеќа или сапун и создаваат творби од материјалите според насоките дадени од наставникот.<br><br>▪ Учениците со моделирање од пластелин или глина самостојно моделираат едноставни фигури (овошје, зеленчук, возило, семафор и сл.) и заеднички прават изложба од изработките на видно место | ▪ Средства за пластично обликување (пластелин, тесто, глина, песок, снег, стиропор, пластика и др.).<br><br>▪ Творечки неликовни материјали (чешел, четки за заби, шминки, лак за нокти, свеќа, сапун, чадор, шапка, камен, газа, ЦД, соковник, зеленчукови и овошни плодови, текстил и др.) | ▪ усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>• практичната активност за време на часот (учество во активностите);<br>• изработените ликовни творби (цртање, сликање, печатење, пластично обликување);<br>• учеството во изработка на заеднички творби |
| Основи на ликовниот јазик во пластичното | | 1 | ▪ Учениците со помош на наставникот прават нови облици со комбинирање на природни и вештачки материјали и предмети (пример: играчки, школки, мов, | ▪ Средства за пластично обликување (пластелин, | ▪ усните одговори на прашања поставени од |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| обликување (обликување, фигура, оригами, градба, рециклиран/отпаден материјал). | ▪ Прави фигури на животни, куќа, ликови од различни материјали за обликување (од пластелин и тесто | | кора од стебло, семиња, лисја) оформуваат фигури (куќа, животни и др.).<br><br>▪ Наставникот им покажува на учениците како со превиткување на хартија во боја се прави оригами и со негова помош изработуваат вртелешки или прават цвеќиња, хартиени чаши, инсекти, животни и сл. | тесто, глина, песок, снег, стиропор, пластика и др.).<br><br>▪ Творечки неликовни материјали (чешел, четки за заби, шминки, лак за нокти, свеќа, сапун, чадор, шапка, камен, газа, ЦД, соковник, зеленчукови и овошни плодови, текстил и др.) | наставникот или од соучениците;<br>• практичната активност за време на часот (учество во активностите);<br>• изработените ликовни творби (цртање, сликање, печатење, пластично обликување);<br>• учеството во изработка на заеднички творби |
| | ▪ Изработува едноставни фигури од хартија (оригами).<br><br>▪ Конструира градби од рециклиран/претходно употребуван материјал | 2<br><br>1 | ▪ Учениците креираат ликовни творби по „проучување“ на внатрешниот и надворешниот простор и формите на садови, цевки, кутии (внатре/надвор, отворен/затворен, големо/мало).<br><br>▪ Учениците од употребени пластични шишиња, пластични чаши, весници, картони, односно рециклиран/претходно употребуван материјал на кој може да му се даде нова употреба (конструираат/формираат згради, мостови, куќи и сл.). | ▪ Средства за пластично обликување (пластелин, тесто, глина, песок, снег, стиропор, пластика и др.).<br><br>▪ Творечки неликовни материјали (чешел, четки за заби, шминки, лак за нокти, свеќа, сапун, чадор, шапка, камен, газа, ЦД, соковник, зеленчукови и овошни плодови, текстил и др.) | ▪ усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>• практичната активност за време на часот (учество во активностите);<br>• изработените ликовни творби (цртање, сликање, печатење, пластично обликување);<br>• учеството во изработка на заеднички творби |
| Оценување на наученото | | | ▪ За учеството во активностите учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување).<br>▪ Сумативната оценка се изведува врз основа на целокупните податоци добиени од следењето на постигањата на ученикот и формативното оценување преку користење на различните техники на формативното оценување, при што наставникот ја констатира (опишува) развојната состојба на секој ученик поединечно во рамки на секое програмско подрачје. | | |

resursi.literatura.mk